Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРЕТКЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА“ ОД НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ЛИДИЈА ПОПОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2502-112/45 од 66. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 8 март 2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Ивона Ковачевска, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, специјалист по болести на забите и ендодонтот
– доц. д-р Цена Димова, доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, специјалист орален хирург,

за резензија на приложениот ракопис „Претклиничка кариологија” од ***насл. доц. д-р Лидија Поповска***, наменет за скрипта за студентите од прв циклус на додипломска настава на Студиската програма по општа стоматологија на Факултетот за медицински науки.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Претклиничка кариологија” од нас. доц. д-р Лидија Поповска е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Претклиничка кариологија кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во четвртиот семестар со 2+3+1 неделен фонд на часови и 6 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот на ракописот***

Содржината на ракописот кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет Претклиничка кариологија е претставен во текст од вкупно 160 страници и 127 илустрации. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Во основа ракописот на скриптата е резултат на темелно истражување на обемната стручна литература. Постоечката литература на нашите простори, поточно учебниците со наслов „Кариологија“ и „Реставрација на забите“ (коишто се наведени во користената литература) во одделни делови делумно ја покриваат наставната материја, односно во одделни поглавја се и од многу поширок аспект опфаќајќи ја и претклинчка и клиничка кариологија.

Имено, и од називот на предметот Претклиничка кариологија јасно се укажува на постоење на прецизно дефинирање и ограничување на содржината на текстот. Програмскиот концепт на предметот во значителна мера овозможува поширока и подетална содржина на поставените тематски единици.

Авторот д-р Лидија Поповска на едноставен начин и со јасен стил на ракописот сублимирано ја претставува материјата кој се изучува во оваа базична и затоа многу важна гранка во стоматологијата. Постојаниот развиток на стоматологијата, кој најмногу се огледува во иновативноста и примената на современи материјали за надополнување на изгубените забни ткива, претствува поттик да се следи научната мисла, така што авторот на достапен начин ја пренесува преку овој ракопис во наставните содржини. Комплексниот пристап кон содржините од една страна, и намерата да се прикаже и потенцира практичното значење на овие сознанија од друга страна, само го потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

***Краток опис на содржината***

Ракописот е напишана на лесен и разбирлив јазик. Материјата е распределена во пет поглавја. Во првото поглавје детално се даваат карактеристиките на здравите тврди забни ткива. Посебен осврт е даден на нивните хистолошки карактеристики, што има посебно значење за полесно разбирање на патолошките промени кои настануваат во нив, превенцијата на заболувањата, но и начинот на кои се постигнува успешна терапија.

Во второто поглавје насловено како забен кариес е опишана современиот став за етиопатогенезата на кариесот, процесите на минерализација и деминерализација, како и главните и дополнителните фактори кои го условуваат кариесот. Детално се опишани сите класификации на кариозните лезии, по што следи и објаснување на патохистолошките промени на забните ткива кои настануваат под влијание и напредувањето на кариозниот процес.

Во третото поглевје авторот се фокусира на стоматолошкото работно место и апаратите кои се неопходни за вршење на секојдневната стоматолошка пракса. Даден е преглед на основните и помошните рачни и машински инструменти, нивната намена и начин на употреба и правилното одржување.

Во четвртото поглавје се прикажани поделбата и современиот тераписки пристап при третманот на кариесот, и воедно најдетално се прикажани начините на изработка на препарациите според класичните блекови принципи. Иако современата реставративна стоматологија е карактеристична по појавата на новите атхезивни материјали, па препарацијата на кавитетите е приспособена според нив, одличното познавање на овие стари принципи е неопходно, како би можело да се направи критичко прифаќање на новите пристапи и начин на работа.

За успешна терапија, освен мануелните способности, потребно е и одлично познавање на особините на реставративните материјали. Па затоа последното, петто поглавје, насловено како реставрација на забите, всушност се однесува најмногу на последните сознанија, поделбата и особините на реставративните материјали и базично е опишан начинот на кои тие се применуваат.

Ракописот ја постигнал и својата главна цел - да се воведат студентите во проблематиката на реставративната стоматологија, но воедно и да ги стекнат неопходните познавања пред првиот контакт со пациентите во клиничката пракса.

Ракописот на д-р Лидија Поповска претставува рационално структуиран сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува основните знаења од оваа многу значајна област од стоматологијата, но исто така и спецификите кои се однесуваат на кариесот како заболување, неговите последици, како современите можности за терапија и реставрација на променетите забни структури.

Цитирана е литература од европското и балканското подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за учебното помагало – скрипта „Претклиничка кариологија" од нас. доц. д-р Лидија Поповска опфаќа поглавја од областа кои се однесуваат на заболувањата и реставрацијата на тврдите забни ткива, целосно адаптирани според наставната материја предвидена во програмата за предметот Претклиничка кариологија за студентите на првиот циклус студии по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Сметаме дека авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување, да ја концепира содржината и да ја оствари целта на скриптата како учебно помагало. Со издавањето на овој ракопис студентите на стоматологија ќе имаат можност да ги изучуваат заболувањата и реставрацијата на тврдите забни ткива на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **ракописот „Претклиничка кариологија" од нас. доц. д-р Лидија Поповска да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите по стоматологија на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ивона Ковачевска,**
**доцент на Факултет за медицински науки**
**при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**
**специјалист по болести на забите и ендодонтот, с.р.**

**Доц. д-р Цена Димова,**
**доцент на Факултет за медицински науки**
**при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**
**специјалист орален хирург, с.р.**